**З А П И С Н И К**

**од 49-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 30-ти јули 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 49 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 17 точки, беше ставено на гласање и изгласено со 15 гласа ЗА.

За работа на седницата беше предложен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
2. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година;
3. Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Валандово за 2025 година;
4. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2026 година;
5. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за воспитната 2024/2025 година;
6. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за воспитната 2025/2026 година;
7. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2026 година;
8. Годишен извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2024/2025 година;
9. Годишна програма за работа на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2025/2026 година;
10. Предлог Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ Калинка Валандово;

11. Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број;

12. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ Гоце Делчев Валандово;

13. Предлог - Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година;

14. Предлог - Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“;

15. Предлог - Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово;

16. Предлог - Одлука за измена на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта;

17. Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности.

Немаше пријавено други за дискусија, па дневниот ред со 15 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

Беше отворена расправа по записниците од 47 та и 48 та редовна седница на советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и изгласани со: 15 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година детално образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година детално образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 3

По редлог-План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Валандово за 2025 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 4

По Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2026 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 5

По Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за воспитната 2024/2025 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 6

По Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за воспитната 2025/2026 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 7

По Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2026 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Годишен извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2024/2025 година, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Годишна програма за работа на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за учебната 2025/2026 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 10

По Предлог Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ Калинка Валандово беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ Гоце Делчев Валандово беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Предлог - Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 14

По Предлог - Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 15

По Предлог - Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Предлог - Одлука за измена на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта, беше отворена расправа.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Валандово и изјави дека оваа измена на одлуката се однесува на технички корекции на претходна одлука донесена во 2021 година. Таму стоеше дека Комисијата за доделување на еднократна парична помош да ги спроведе барањата на родителите кои што имаат запишано на прваче а бидејќи имаме мерка и за субвенционирање на средношколци и има посебна комисија која што ги води тие работи истото ќе се направи од оваа година и за децата кои што ќе се запишат во прво одделение.Значи станува збор за техничка корекција.

Никој друг не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 17

По Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

- Прашање од Советникот Аспарух Москов:

1.Во која фаза е водоводната мрежа во Удово за обезбедување на здрава вода за пиење.

2.Изградба на мини плоштад Удово.

3. Реконструкција на културниот дом во мултифункционален простор.

4.Осветлување и хортикултурно уредување на спомен костурницата во Удово во заеднички договор со српската заедница.

5. Автентичното рестарвација и заштита на културното наследство во село Градец и како проект за развој на спортот до каде е изградбата на велосипедската патека во должина од 12 километри
6. Субвенционирање на набавка на велосипеди за сите граѓани и поставување на пунктови за паркирање на велосипеди.

7. Иградба на рекреативна адреналинска зона на локалитетот Војни.

- Градоначалникот изјави дека добро е што на некои советници им завршува мандатот бидејќи Советот се користи за дневно политиканство. Посочи дека слободно по напуштањето на седницата на советот одете во партиските простории на ВМРО – ДПМНЕ поставете ги овие прашања и тогаш ќе имат смисла сите овие прашања што сте ги извадиле од нашата изборна програма. Што ние сме направиле во Удово и другите населени места граѓаните можат да видат сами а можете и вие да видете сами и да направите споредба со се она што некогаш било направено не само во Удово туку во сите населени места, а да ви дадам ексклузивитет за на ваш начин да одговарам на вашите прашања не можам. А поради тоа што ова е дел од изборна програма а не од работа на Советот на Општина Валандово и на Локалната самоуправа на Општина Валандово на овие прашања не можам дури ни писмено да ви одговорам. Поставете го прашањето од говорница на ВМРО- ДПМНЕ па ќе најдам некој начин граѓански да ви одговорам.

- Прашање од Советничката Анита Коцева

1. При вонреден надзор на Детска градинка во село Брајковци на 23.05.2025 од страна на стручни служби констатирано е дека објектот не е безбеден за вршење на дејност. До кога ќе се чека објектот да биде пуштен во употреба?

- Градоначалникот изјави дека ова прашање заслужува да се искомуницира со јавноста по одлуката што ја донесов како Градоначалник на Општина Валандово посебно после случувањето во Кочани направивме вонредни инспекциски контроли во сите населени места и сите јавни објекти и други објекти кои можат да бидат под опасност градинката во Брајковци имаше најмали опасности за безбедноста но ние одлучивме да ги елиминираме сите опасности кои што можат да постојат бидејќи таму се наоѓат деца. Во месец август треба да биде санирана и во септември децата треба да бидат вратени назад.

- Прашање од Советничката Нада Камчева.

1. До каде е стигнато лежачките полицајци пред ООУ Јосип Броз Тито Валандово и ООУ Страшо Пинџур во населеното место Јосифово.

- Градоначалникот изјави дека се работи по програми кои сите ние ги имаме гласано тука во Советот на Општина Валандово и за санација на одредени оштетувања кои што ги имаме на улиците во Валандово не само за лежачките полицајци кои што ни се планирани, но во моментот чекаме на согласност од МВР.

- Прашање од Советничката Јасмина Танчева.

1. До каде е изградбата на детската градинка во Пирава.

- Градоначалникот рече дека би сакал вие како централна власт да си прашате зошто по обезбедувањето на детската градинка во 2023 година сеуште не е започната изградбата на детската градинка во Пирава. Навистина ми е жал што поради политички поени и да се покаже одредена гарнитура дека е неспособна мислејќи дека на тој начин ќе постигнете нешто, не зборам за вас лично туку мешањето на партијата во нашиот секојдневен живот, ние наместо до сега да ја имавме отворено детската градинка во Пирава за која ги имаме комплетно сите документи и помината со одлука на Влада и во самото министерство дека ќе се гради таа детска градинка уште не се гради. И на таков начин правиме целата локална заедница да уназадува и сите заедно да не ги уживаме благодетите на оваа живеење. И тука можам да дискутирам и да ве прашам и за планот за вработување на Детската градинка Калинка во Валандово зошто и по основ на пензионирање и смрт кои што мораме да ги добиеме тие согласности кои што еднаш ги имавме добиено но веднаш беа ставени сите ангажирања на лица со забрана, ние како локална самоуправа немаме добиено нитуедна согласност. Апелирам до сите вас и нас да не дозволиме нашите партиски амбиции и цели да го уназадат животот на граѓаните на Општина Валандово. Можам многу да дискутирам на овие теми но еве на нас ни е најмногу криво зошто до сега не е изградена детската градинка во Пирава каде ни се обебзедени сите услови и одобрение за градба но ќе се бориме понатаму во секоја една сфера да напредуваме.

- Прашање од Советникот Тоше Тодоров.

1. Рече дека изминатата година во однос на доделувањето на средства од Влада може да забележиме дека не така како што вика Градоначалникот, локалната самоуправа има инсституции кои што таа ги раководи и има обврска да изведува објекти и да ги обновува како што се училишта, детски градинки.

- Беше посочено од страна на Претседателот на Советот на Општина Валандово дека овде станува збор за поставување на конкретни советнички прашања.

- Прашање од Советничката Ивана Готиќ..

1. Дали имате во план со уредувањето на патеките и просторот со локалитетот Исар Марвинци бидејќи е наше вредно богатство исто така и изградба на забавен и зелен парк во населено место Марвинци.

- Градоначалникот посочи дека советниците забораваат дека сите заедно сме од локалната самоуправа во Општина Валандово и овие партиски прашања и одговорноста е на сите бидејќи вие сте тие 15 луѓе кои што ги носите сите одлуки. Имаме за голем дел од овие работи изработено проекти и се надевам дека ќе ги реализираме. Во годишната програма ни е предвидено асфалтирање на улици во населеното место Марвицни по комуникација со локалното население како приоритет се третира улицата која што води до месната црква и ќе биде од огромно значење. Исар Марвинци апсолутно е не само од валандовска туку од македонската археолошка вредност и се надевам дека во наредниот период заедно со надлежните министерства со кои оникогаш не сме имале лоша соработка и секогаш кога има повици истите ги користиме и аплицираме.

Немаше други советнички прашања и четириесет и деветтата редовна седница беше затворена.

Претседател

Записничар на Совет на Општина Валандово

Стефан Димитров Владимир Марков